# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 30 јуни 1967
Скопје
Број 24 Год. XXIII

Претплатата за 1967 год. изнесува 45 (4.500) дин. Овој број чини 0,80 (80) дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

**204.**

Врз основа на член 22 точка 4 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница одржана на 12 мај 1967 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УВАЖУВАЊЕ НА ОСТАВКА НА ПРАТЕНИЧКИ МАНДАТ НА ЧЛЕН НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1) Се уважува оставката на пратеничкиот мандат што ја поднесе членот на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија д-р Трајче Грујоски избран во Изборната единица Битола IV.

2) Се утврдува дека на д-р Трајче Грујоски со уважувањето на оставката му престанува пратеничкиот мандат и функцијата претседател на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

3) Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

Број 01-40
12 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев**, с. р.

---

**205.**

Врз основа на член 154 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 31 и 123 од Деловникот на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 12 мај 1967 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1) За претседател на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира КРСТЕ МАРКОВСКИ, пратеник во Соборот.

2) Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

Бр. 01-58/67
12 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев**, с. р.

---

**206.**

Врз основа на член 139 точка 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 129 став 2 од Деловникот на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог од претседателот на Извршниот совет и даденото мислење од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 12 мај 1967 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1) За членови на Извршниот совет се избираат пратениците:

Д-р КСЕНТЕ БОГОЕВ,
ЌАМУРАН ТАХИР,
СТОЈАН ЌОСЕВ,
Д-р НИКОЛА УЗУНОВ,
МЛАДЕН ПАВЛОВСКИ,
БЕЌИР ЖУТА,
СЛАВКА ГЕОРГИЕВА — АНДРЕЕВИЌ, и
Д-р ИВАН КАТАРЏИЕВ.

2) Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

Број 01-56/67
12 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев**, с. р.

---

**207.**

Врз основа на член 139 точка 7, во врска со член 218 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и Уставниот амандман II став 3, а по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 12 мај 1967 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

1) За судии на Уставниот суд на Македонија се избираат:

Грујоски Д-р Трајче,
Дема Галип, и
Димитров Евгени.

2) Мандатот на судиите од претходната точка започнува на 26 јуни 1967 година, како ден кога истечува мандатот на судиите избрани во 1963 година на период од четири години.

3) Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 01-52
12 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев,** с. р.

**208.**

Врз основа на член 139 и 183 од Уставот на СРМ, Уставниот амандман II став 1 и член 28 став 3 од Законот за републичката управа, а по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата и по претходно мислење на Извршниот совет,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 12 мај 1967 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИ И ФУНКЦИОНЕРИ

1. Поради истекување на времето за кое се именувани, се разрешуваат досегашните републички секретари и функционери и тоа:

ВАСКА ДУГАНОВА, досегашен републички секретар за труд;

Инж. ДРАГИ ТРАЈАНОВСКИ, досегашен републички секретар за земјоделство и шумарство;

СЛАВКА ГЕОРГИЕВА — АНДРЕЕВИЌ, досегашен републички секретар за образование, наука и култура;

ГАЛИП ДЕМА, досегашен републички секретар за правосудство;

СТОЈАН ЌОСЕВ, досегашен директор на Републичкиот завод за општествено планирање;

КРУМЕ НАУМОВСКИ, досегашен претседател на Републичката комисија за физичка култура.

2. За републички секретари и функционери се именуваат и тоа:

за републички секретар за труд ВИТЕ ИСИЈАНОВСКИ, општествено-политички работник;

за републички секретар за земјоделство и шумарство Инж. ТРАЈКО АПОСТОЛОВСКИ, досегашен претседател на Собранието на општина Кичево;

за републички секретар за образование, наука и култура ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ, досегашен сотрудник во Институтот за социјални и политичко-правни испитувања;

за републички секретар за правосудство ТАИП ТАИПИ, досегашен секретар на Сојузното јавно обвинителство;

за директор на Републичкиот завод за општествено планирање ПАВЛЕ ТАСЕВСКИ, досегашен помошник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање;

за претседател на Републичката комисија за физичка култура БАЈРАМ ГОЉА, досегашен сојузен пратеник;

за заменик на републичкиот секретар на финансии ВЕЉО БУНДАЛЕВСКИ, досегашен претседател на Собранието на општина Гостивар.

3. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

Број 01/55
12 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев,** с. р.

**209.**

Врз основа на член 139 точка 7 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Уставниот амандман II став 2, а по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана, на 12 мај 1967 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешува досегашниот претседател на Врховниот суд на Македонија — Д-р ПАНТА МАРИНА, поради истечување на времето за кое е избран.

2. За претседател на Врховниот суд на Македонија се избира ОСМАН МИФТАРИ, досегашен член на Извршниот совет.

3. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

Број 01-63
12 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев,** с. р.

**210.**

Врз основа на член 139 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и Уставниот амандман II став 1, а по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата и по претходно мислење на Извршниот совет,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 12 мај 1967 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СЕКРЕТАРОТ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1) Се разрешува досегашниот секретар на Извршниот совет МИРЕ ДОНОВСКИ, поради истекување на времето за кое е именуван.

2) Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

Број 01-72
12 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев,** с. р.

---

**211.**

Врз основа на член 218 став 1 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 12 мај 1967 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СЕКРЕТАРОТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешува досегашниот секретар на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ВАНЧО ЦВЕТКОВСКИ, поради истекување на времето за кое е именуван.

2. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

Број 01-73
12 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев,** с. р.

---

**212.**

Врз основа на член 218 став 1 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 12 мај 1967 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1) За секретар на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува МИРЕ ДОНОВСКИ, досегашен секретар на Извршниот совет.

2. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

Број 01-54
12 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев,** с. р.

---

**213.**

Врз основа на член 139 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија во врска со Уставниот амандман II став 1, а по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 12 мај 1967 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1) За секретар на Извршниот совет се именува НИКОЛА БАКУЛЕВСКИ, досегашен претседател на Собранието на општина Битола.

2) Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

Број 01-71
12 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев,** с. р.

---

**214.**

Врз основа на член 47 и 133 од Деловникот на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 12 мај 1967 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА ПОСТОЈАНИТЕ ОДБОРИ И МАНДАТНО-ИМУНИТЕТНАТА КОМИСИЈА НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1) Во постојаните одбори на Републичкиот собор се разрешуваат и тоа:

**во Одборот за организационо-политички прашања:** членот на Одборот ЈАНКО ТОДОРОВСКИ;

**во Одборот за индустрија и сообраќај:** членот на Одборот МИРЕ БЛАЖЕВСКИ;

**во Одборот за социјално-здравствени прашања:** претседателот на Одборот НИКОЛА МИТЕВСКИ;

**во Одборот за градежништво, станбени и комунални прашања:** членот на Одборот МИЛАН ГАВРИЛОВСКИ.

2) Во постојаните одбори на Републичкиот собор се избираат и тоа:

**во Одборот за организационо-политички прашања:**

За членови: СТОЈАН ТОМОВСКИ, ЃОРЃИ МАНЕВСКИ И ВАНЧО ЦВЕТКОВСКИ, пратеници во Соборот;

**во Одборот за индустрија и сообраќај:**

За претседател: ЖИВКО ТОДОРОВСКИ, пратеник во Соборот;

За членови: РАДЕ ПЕТРОВСКИ, СЛАВЕ АТАНАСОВ, АБДУЛА ОСМАНИ и КОЧО ТУЛЕВСКИ, пратеници во Соборот;

**во Одборот за социјално-здравствени прашања:**

За претседател: МИЛКА ТАКЕВА, пратеник во Соборот;

За членови: АЦЕ РИСТЕВСКИ, СПИРКО АНГЕЛОВСКИ, ЖИВКО АПОСТОЛСКИ и АРИЗАН НЕСТОРОВСКИ, пратеници во Соборот;

**во Одборот за градежништво, станбени и комунални прашања:**

За членови: ИЛИЈА РОЧЕВСКИ, МЕЏАИТ БИСЛИМИ и ДУШАН ШУРБАНОВСКИ, пратеници во Соборот.

**во Одборот за општествен план и финансии:**

За претседател: ДРАГАН СПИРОВСКИ, пратеник во Соборот.

За членови: ЃОРЕ ДАМЕВСКИ, ФАНА КОЧОВСКА — ЦВЕТКОВИЌ, АНГЕЛ ВАСИЛЕВСКИ, ЏАВИД БЕГОВСКИ и СЛАВЕ АТАНАСОВСКИ, пратеници во Соборот.

**во Одборот за земјоделство и шумарство:**

За претседател: НИКОЛА ГОРИЧАН, пратеник во Соборот;

За членови: ИЛИЈА РОЧЕСКИ и ЦВЕТАН НЕСТОРОВСКИ, пратеници во Соборот;

**во Одборот за труд и трудови односи:**

За претседател: МИХАИЛО КЕРАМИТЧИЕВ, пратеник во Соборот,

За членови: МИХА РИЗЕВСКИ, ВАСИЛ КОСТАДИНОВ, КИРИЛ ГЕШОВСКИ и ТАСКА ИЛИЕВА, пратеници во Соборот;

**во Одборот за стоковен промет, угостителство и туризам:**

За претседател: ДУШКО АРСОВСКИ, пратеник во Соборот.

За членови: ЖИВКО АПОСТОЛОВСКИ, АРИЗАН НЕСТОРОВСКИ, ЏАВИД БЕГОВСКИ и ДРАГАН СПИРОВСКИ, пратеници во Соборот;

**во Одборот за просветно-културни прашања:**

За претседател: КОЧО БИТОЉАНУ, пратеник во Соборот.

За членови: АЛИ ХАСАНИ, МИЛКА ТАКЕВА, ЦВЕТАН АВРАМОВСКИ, ШУКРИ РАМО, МИХА РИЗЕВСКИ и ВАСИЛ КОСТАДИНОВ, пратеници во Соборот;

**во Одборот за буџет:**

За претседател: АБДУЛА ОСМАНИ, пратеник во Соборот;

За член: ПАВЛЕ ИГНОВСКИ, пратеник во Соборот;

**во Одборот за јавна и државна безбедност:**

За претседател: ДУШАН ШУРБАНОВСКИ, пратеник во Соборот;

За членови: ЦВЕТАН АВРАМОВСКИ, ВОЈО СТОЈАНОВСКИ, БОРО ПОЦКОВ, ЃОРЕ ДАМЕВСКИ, ДАУТ МЕХМЕДИ и ЃОРЃИ МИНЕВ, пратеници во Соборот;

**во Мандатно-имунитетната комисија:**

За претседател: ДАУТ МЕХМЕДИ, пратеник во Соборот;

За членови: СПИРКО АНГЕЛОВСКИ И ЉУПЧО САМОНИКОВ, пратеници во Соборот.

3) Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 01-53
12 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот собор,
**Крсте Марковски,** с. р.

---

**215.**

Врз основа на член 154 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 36 и 106 од Деловникот на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 12 мај 1967 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1) За претседател на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира ЌЕМАЛ СЕЈФУЛА, пратеник во Соборот.

2) Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

Број 84
12 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев,** с. р.

**216.**

Врз основа на член 138 став 3 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 12 мај 1967 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА ПОСТОЈАНИТЕ ОДБОРИ И НА МАНДАТНО-ИМУНИТЕТНАТА КОМИСИЈА НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1) Во постојаните одбори на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избираат и тоа:

**Во Одборот за развиток на стопанството:**

За членови: Боцевски Душко, Вучковски Милован, Шоповска Љуба, Џепаровски Ристо, Хаџи Сабриу Шабан, Липковски Властимир и Павловски Ѓорѓи, пратеници во Соборот.

**Во Одборот за организација и унапредување на производството:**

За членови: Миле Илиев, Цветко Јакимовски, Илија Јанчев, Методи Милановски, Никола Новевски и Перо Стојановски, пратеници во Соборот.

**Во Одборот за општествено-економски односи и заштита на трудот:**

За претседател: Пејовски Драгољуб, пратеник во Соборот;

За членови: Ристо Стаменов, Петар Најденовски, Миха Теговски и Милчо Георгиев, пратеници во Соборот.

**Во Мандатно-имунитетната комисија:**

За претседател: Данчо Зографски, пратеник во Соборот;

За членови: Томе Делов и Мише Столев, пратеници во Соборот.

2) Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

Број 86
12 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев,** с. р.

---

**217.**

Врз основа на член 154 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 36 и 106 од Деловникот на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 12 мај 1967 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1) За претседател на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира ДРАГИ ТОЗИЈА, пратеник во Соборот.

2) Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

Број 83
12 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев,** с. р.

---

**218.**

Врз основа на член 154 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 36 и 106 од Деловникот на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 12 мај 1967 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира ВАСКА ДУГАНОВА, пратеник во Соборот.

2. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

Број 85
12 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев,** с. р.

---

**219.**

Врз основа на член 154 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 36 и 106 од Деловникот на Организационо-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Организационо-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 12 мај 1967 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОРГАНИЗАЦИОНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1) За претседател на Организационо-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира **ФИЛИП БРАЈКОВСКИ**, пратеник во Соборот.

2) Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

Број 82
12 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев**, с. р.

**220.**

Врз основа на член 102 став 2 од Законот за високото школство во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 15/65), Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ БРОЈОТ НА СТУДЕНТИТЕ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ЗАПИШАТ НА ОДДЕЛНИ ФАКУЛТЕТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ

1. На одделни факултети на Универзитетот во Скопје запишувањето во прва година во учебната 1967/68 година се ограничува на следниот број студенти:

1. Архитектонско-градежен факултет:
   а) на Архитектонскиот отсек — 80 редовни и 30 вонредни студенти;
   б) на Градежниот отсек — 120 редовни и 40 вонредни студенти.
2. Технолошко-металуршки факултет:
   а) на Технолошката насока — 120 редовни студенти;
   б) на Металуршката насока — 60 редовни студенти.
3. Електро-машински факултет:
   а) на Електро-отсек — 140 редовни студенти;
   б) на Машински отсек — 150 редовни студенти.
4. Медицински факултет:
   а) на Медицинскиот отсек — 140 редовни и 70 вонредни студенти;
   б) на Стоматолошкиот отсек — 70 редовни и 35 вонредни студенти.
5. Економски факултет — 300 редовни студенти.
6. Правен факултет — 300 редовни студенти.

II. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1079/1
16 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев**, с.р.

**221.**

Врз основа на член 18 а во врска со член 20 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65), Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ОБРАЗУВАЊЕ ОДБОРИ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Се образуваат следните одбори на Извршниот совет:

1. Одбор за стопанство;
2. Одбор за внатрешна политика и комунален систем;
3. Одбор за образование, наука и култура;
4. Одбор за здравство и социјална политика.

II. Задачи на одборите се:

1) Одборот за стопанство разгледува, дава мислења и предлози на Извршниот совет по прашањата и проблемите во врска со изработувањето на републичките општествени планови и нивното остварување и со општиот развиток на стопанскиот систем; стабилноста на стопанството, условите и можностите за развиток на одделни стопански гранки и дејности; финансиските и основните проблеми во врска со приходите и расходите на Републиката, станбено-комуналната изградба; трудот и трудовите односи; претресува прашања на тековната економска политика, стоково-паричните односи, прометот, цените, продуктивноста на трудот и распределбата на доходот и личните доходи во стопанските и другите работни организации; системот на управување во работните организации; стручното усовршување на работниците и други прашања на стопанскиот развиток и стопанскиот систем.

2) Одборот за внатрешна политика и комунален систем разгледува, дава мислења и предлози на Извршниот совет по прашањата од областа на внатрешните работи, правосудството, јавното обвинителство и адвокатурата; по прашања во врска со заштитата на уставноста и законитоста и изградувањето на правниот систем; по прашањата за имотноправните односи; ги разгледува прашањата во врска со организацијата на власта; со спроведувањето на системот на самоуправувањето на граѓаните во општината и делувањето на општинските органи; на самоуправувањето во органите на државната управа и во општествените служби; прашањата во врска со организацијата, функционирањето, унапредувањето на работата, финансирањето и распределбата на личните доходи во органите на државната управа и стручното образование на работниците во нив, како и други прашања, односи и проблеми од областа на внатрешната политика.

3) Одборот за образование, наука и култура разгледува, дава мислења и предлози на Извршниот совет по прашањата и проблемите во врска со системот на воспитувањето и образованието, високото школство, просветата, културата, физичката култура и научната дејност, организацијата и условите за работа во овие области, финансирањето во овие служби, информирањето на јавноста, како и други

прашања од интерес за развитокот и усовршувањето во овие области.

4) Одборот за здравство и социјална политика разгледува, дава мислења и предлози на Извршниот совет по прашањата и проблемите во врска со системот на здравствената заштита, социјалната политика и социјалното осигурување, организација, условите за работа во овие области, финансирањето во овие служби како и други прашања од интерес за развитокот и усовршувањето во овие области.

III. Одборите од претходната точка имаат претседател и определен број членови и тоа:

Одборот за стопанство претседател и 6 члена,

Одборот за внатрешна политика и комунален систем претседател и 2 члена;

Одборот за образование, наука и култура претседател и 3 члена; и

Одборот за здравство и социјална политика претседател и 2 члена.

Одборите ги сочинуваат членови на Извршниот совет.

IV. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-1230/1
13 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет
**Никола Минчев**, с.р.

**222.**

Врз основа на член 9 од Законот за определување на работите што ги врши Радиотелевизија Скопје („Службен весник на СРМ" бр. 4/66), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА СКОПЈЕ

1. Се разрешува од должност директор на Радиотелевизија Скопје ДРАГИ ТОЗИЈА, поради заминување на нова должност.

2. За директор на Радиотелевизија Скопје се именува МАТЕЈА МАТЕВСКИ, досегашен директор на Телевизија Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 14-830/1
27 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев**, с. р.

**223.**

Врз основа на член 40 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 17/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПОТСЕКРЕТАР ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се разрешува од должност потсекретар во Извршниот совет ПАВЛЕ ИГНОВ, поради заминување на нова должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 14-984/2
27 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев**, с. р.

**224.**

Врз основа на член 29 став 4 од Законот за Републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ТРУД

1. Се разрешува од должност потсекретар во Републичкиот секретаријат за труд УРОШ АНДРЕЕВСКИ, поради заминување на нова должност.

2. За потсекретар во Републичкиот секретаријат за труд се именува АЛЕКСАНДАР ДОНЕВ, досегашен претседател на Собранието на општината Радовиш.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 14-1108/1
27 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев**, с. р.

**225.**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за Републичкиот фонд за научна работа („Службен весник на СРМ" бр. 42/66), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА НАУЧНА РАБОТА

1. Се разрешува од должност директор на Републичкиот фонд за научна работа ДАНЕ ЦЕКОВ, поради заминување на нова должност.

2. Ова решение влегува во сила од 1 јули 1967 година, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 14-1125/1
27 мај 1967 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**226.**

Врз основа на членот 35 став 1 точка 6 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66 и 12/67) и соодветните одредби на договорите за социјално осигурување на лицата кои вршат самостојна дејност и член 24 точка 5 од Статутот на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 20 јуни 1967 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВАЛОРИЗАЦИОНИОТ КОЕФИЦИЕНТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ ОСНОВИЦИТЕ НА ОСИГУРУВАЊЕ УТВРДЕНИ СО ДОГОВОРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦАТА КОИ ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ

I

На лицата кои вршат самостојна дејност, освен лицата од точка II на оваа одлука, основиците на осигурување утврдени со договорите за социјално осигурување на тие лица за 1967 година се пресметуваат на нов износ со примена на валоризационен коефициент од 142.

II

На лицата кои вршат самостојна дејност како свештеници на Српската и Македонската православна црква и на верските службеници на Исламската верска заедница, основиците на осигурување утврдени со договорите за социјално осигурување на тие лица за 1967 година се пресметуваат на нов износ со примена на валоризационен коефициент од 138.

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1967 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 02-1932/1
20 јуни 1967 година
Скопје

Потпретседател,
**Момчило Марковски,** с.р.

**227.**

Врз основа на членот 118 став 2 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66 и 12/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 20 јуни 1967 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ВО 1967 ГОДИНА

I

На уживателите на инвалидска, старосна и семејна пензија ќе им се исплати надоместок за закрепнување во 1967 година во износ од 60 — динари.

II

Надоместок од претходната точка им следува на уживателите на пензија кои го оствариле тоа право до 1 јануари 1967 година.

III

Повеќе уживатели на семејна пензија по едно решение за исплата по оваа одлука се сметаат како еден уживател.

IV

Средствата за закрепнување на пензионерите издвоени во 1967 година по стопа од 1,50% од вкупните средства од фондот на инвалидското и пензиското осигурување, како и неискористениот дел од средствата издвоени за помагање за закрепнувањето на пензионерите во 1966 година наменет за исплатување паричен надоместок за закрепнување на уживателите на инвалидска, старосна и семејна пензија во 1967 година според одредбите на точка I под б) од Одлуката за користење на остатокот на издвоените средства за закрепнување на пензионерите во 1966 година („Службен весник на СРМ" број 38/66), кои не ќе бидат искористени за исплата на надоместокот во смисла на точка I и II од оваа одлука, ќе се употребат сообразно со нивната намена во наредниот период.

V

Исплатата на надоместокот за закрепнување на пензионерите по оваа одлука ќе се изврши заедно со пензиските примања за месец јуни 1967 година.

VI

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр .02-1933/1
20 јуни 1967 година
Скопје

Потпретседател,
**Момчило Марковски,** с.р.

228.

Врз основа на член 32 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА ОПШТИНСКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО СЕДИШТЕ ВО ВИНИЦА

1. Се ослободува од должност претседател на Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со седиште во Виница, ФИДАНЧО СТОЕВ, поради заминување на нова должност.

2. За претседател на Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со седиште во Виница, се именува БЛАГОЈ БОЈАЏИСКИ, од Виница.

Број 544
23 јуни 1967 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар,
**Никола Алексовски**, с.р.

Претседател,
**Киро Никовски**, с.р.

229.

## ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

ДО СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

— Републички собор —

Скопје

Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија согласно член 141, а во смисла на член 132 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, како и на основа примените изборни акти од Општинската изборна комисија Охрид од повторните избори во изборната единица Охрид IV, му го поднесува на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија следниов

## ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПОВТОРНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИК ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА ОХРИД IV

I. На 28 мај 1967 година се одржани непосредните избори за пратеник на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица Охрид IV.

II. На изборите за пратеник на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија одржани на 28 мај 1967 година во горната изборна единица, избирачите гласаа непосредно за кандидатот чија кандидатура ја потврди Општинската изборна комисија и кој беше избран како кандидат за пратеник во Општинското собрание Охрид на 9 мај 1967 година. Името на кандидатот го објави Републичката изборна комисија, согласно член 102 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, со Објавата бр. 475 од 10 мај 1967 година („Службен весник на СРМ" бр. 19/67).

III. Повторните избори се извршени во склад со одредбите од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

IV. Општинската изборна комисија Охрид ги утврди резултатите од гласањето во изборната единица на начинот предвиден со член 127—129 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и според утврдената состојба го прогласи за избран и му издаде уверение на кандидатот означен во овој извештај.

Резултатот од изборот е следен:

Во изборната единица ОХРИД IV од запишаните 7298 избирачи гласале 4791, од кои за кандидатот Мито Спироски 3652. Неважни гласачки ливчиња има 1139.

За пратеник е избран МИТО СПИРОСКИ, од Охрид за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

Бр. 507
1 јуни 1967 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар,
**Никола Алексовски**, с.р.

Претседател,
**Киро Никовски**, с.р.

Членови: Миле Крцковски, Зоге Груевски, Нуши Крлију, Љубиша Варошлија, Перо Липковски.

230.

## ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

ДО СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

— Социјално-здравствен собор —

Скопје

Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги прими изборните акти од Општинската изборна комисија — Тетово од повторните избори за избор на пратеник во Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица Тетово IV и врз основа на член 100 став 3 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на Социјално-здравствениот собор му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ
### ЗА РЕЗУЛТАТОТ ОД ПОВТОРНИОТ ИЗБОР ЗА ПРАТЕНИК ВО СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА ТЕТОВО IV

1. Повторниот избор за пратеник во Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Републикa Македонија во изборната единица Тетово IV, одреден со Решението на Општинската изборна комисија во Тетово бр. 196 од 15 мај 1967 година, се одржа на 9 јуни 1967 година во Собранието на општината Тетово.

2. Гласањето во Собранието на општината Тетово се изврши за кандидатот Омери Зија, чија кандидатура ја потврди и објави Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

3. Општинската изборна комисија го утврди резултатот од гласањето во смисла на член 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Резултатот е следен:

Во изборната единица ТЕТОВО IV од вкупно 120 одборници гласале 85. За кандидатот ОМЕРИ ЗИЈА гласале 71 одборник. Неважни гласачки ливчиња има 14.

Со оглед да кандидатот добил потребно мнозинство, Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, за избран за пратеник во Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија го прогласи ОМЕРИ ЗИЈА, од Тетово.

Бр. 525
16 јуни 1967 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар,
**Никола Алексовски**, с.р.

Претседател,
**Киро Никовски**, с.р.

231.

### ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

ДО ОРГАНИЗАЦИОНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје

Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги прими изборните акти од дополнителните избори за избор на пратеник во Организационо-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица Пробиштип и во смисла на член 100 став 3 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на Организационо-политичкиот собор му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. Дополнителните избори за избор на пратеник во Организационо-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица Пробиштип, распишани со Решението на Претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија бр. 01-773 од 28 април 1967 година, објавено во „Службен весник на СРМ“ бр. 16/67, одржани се на 22 јуни 1967 година во Општинското собрание Пробиштип.

2. Гласањето е вршено за кандидатите Благој Величков, Ристо Велинов и Петар Јосифов, чии кандидатури ги потврди и објави Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

3. Општинската изборна комисија го утврди резултатот од гласањето на изборите на начинот предвиден во член 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и член 98 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Резултатот е следен:

Од вкупно 50 одборници на Општинското собрание, гласале 47 одборници. За кандидатот Благој Величков гласале 23 одборници, за кандидатот Ристо Велинов 18 одборници, а за кандидатот Петар Јосифов 5 одборници. Неважно гласачко ливче има 1.

Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија го прогласи за пратеник во Организационо-политичкиот собор кандидатот Благој Величков, од Пробиштип.

Број 542
23 јуни 1967 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар,
**Никола Алексовски**, с.р.

Претседател,
**Киро Никовски**, с.р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор по тужбата на тужителот Пападинов Перикли од Ѓорче Петров, против тужената Пападинова Софија, родена Манцукова, сега со непознато место на живеење за развод на бракот, вредност 500 нови динари.

Се повикува тужената Софија Пападинова, родена Манцукова во срок од 30 дена од објавувањето на „Службен весник на СРМ“ да се јави лично во судот или да ја достави својата адреса.

Во колку во определениот срок тужената не се јави, ќе и се постави привремен старател во смисла на чл. 77 и 78 од ЗПП, кој ќе ја застапува по предметниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 229/67. (53)

ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Арсена Дукоска од село Модрич, општина Струга, поднесе до овој суд тужба за развод на бракот против тужениот Саво Дуковски од село Модрич — Струга. Бидејќи тужениот Саво се наоѓа во неизвесност и со непозната адреса, се поканува во срок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави или да одреди свој застапник. Во противно ќе му се одреди застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 78/67. (50)

---

